**20202994088**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на членовите 9 став (3) и 10 став (4) од Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗЈАВАТА ЗА ТОЧНОСТ НА ВНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВОТО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк.

Член 2

Изјавата за точност на внесените податоци се печати на образец на хартија со бела боја во А4 формат, кој е даден во Прилог број 1, и е составен дел на овој правилник.

Пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк се печати на образец на хартија со бела боја во А4 формат, кој е даден во Прилог број 2, и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-13808/1
3 декември 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог број 1

**ИЗЈАВА ЗА ТОЧНОСТ НА ВНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ПРИЈАВАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**
**за академската __________/____________година**

Од_____________________________________________________од___________________________
(име и презиме на студентот) (општина)

со ЕМБГ_____________________________________ , државјанин на Република Северна

Македонија, број на мобилен телефон_____________адреса за е-пошта ________________,

редовен студент на ____________________________факултет и број на индекс__________

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност Изјавувам дека податоците дадени од моја страна во **Пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк се веродостојни**:

- ☐ Сум редовен студент,
- ☐ Не сум регистриран како индивидуален земјоделец,
- ☐ Немам месечен приход поголем од минималната нето-плата во Републиката во тековната година,
- ☐ Не сум сместен/а во студентски дом за академската ____/_____ година.
- ☐ Сум државјанин на Република Северна Македонија

(се пополнува соодветно поле)

Министерството за образование и наука по службена должност обезбедува:

- податок за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи

- податок од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи за тековната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи)

Подносител на изјавата,

____________________________
(име и презиме)

______________________
(потпис)

Датум

---------------------------------

Прилог број 2

До:______________________________
(назив на високообразовната установа/факултетот )

**ПРИЈАВА**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**
**за академската _________/___________година**

Од________________________________________________________од__________________________
(име и презиме на студентот) (општина)

со ЕМБГ______________________________________ , државјанин на Република Северна

Македонија, број на мобилен телефон_____________адреса за е-пошта ________________,

редовен студент на ____________________________факултет и број на индекс__________

поднесувам барање за внесување во системот за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк.

Давам СОГЛАСНОСТ за обработка на моите лични податоци потребни заради пријавување за стекнување на правото на субвенциониран студентски оброк.

Подносител на пријавата,

___________________________
(име и презиме)

_____________________
(потпис)

Датум
_____________________